**Проект на УСАИД за граѓанско општество**

**Информативни средби**

Конкурси за доделување грантови на граѓански организации и неформални групи

Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ), во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество, објави конкурси за доделување грантови на граѓански организации и неформални групи. Проектот на УСАИД за граѓанско општество е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

Целта на овие конкурси е да обезбеди поддршка за граѓански организации од Република Македонија преку следните три вида грантови:

1. **Поддршка на граѓански организации кои делуваат како демократски јадра во своите заедници,** имаат долгорочно искуство и кредибилитет во промовирањето граѓанско учество и имаат капацитет да ги мобилизираат граѓаните и да поттикнат граѓански иницијативи (грантови во износ до 20.000 американски долари);
2. **Поддршка на граѓански организации ангажирани во надгледување на властите и застапување засновано на истражувања** во следните подрачја: Собрание, владеење на правото, судство, медиуми, трошење на јавните пари, финансирање на политичките партии, политиките што се однесуваат на граѓанското општество, младински политики, родова еднаквост, усогласеност со политичките критериуми на Европската Унија (ЕУ) и апсорпција на фондовите на ЕУ (грантови помеѓу 10.000 и 30.000 американски долари).
3. **Ад-хок грантови за акции на граѓански организации или неформални групи** кои адресираат актуелни проблеми на локално, регионално или национално ниво (грантови во износ помеѓу 2.000 и 10.000 американски долари).

Крајниот рок за поднесување пријави за првите два типа грантови истекува на **23 мај 2013 год. во 16:00 часот.** За ад-хок грантовите повикот е отворен до 31 август 2013, а пријавите може да се поднесуваат секој работен ден и за нив ќе се одлучува континуирано.
Материјалите за пријавување се достапни на www.soros.org.mk.

ФООМ ќе одржи информативни средби за конкурсите за доделување грантови во периодот од 16 до 17 мај. ФООМ ги поканува сите заинтересирани граѓански организации кои би се пријавиле на конкурсите на следниве информативни средби:

- **Скопје,** 16 мај 2013 (четврток), 12:00 часот, Скопски саем, Дипломатик сала
- **Кавадарци,** 17 мај 2013 (петок), 10:30 часот, мотел.Уни Палас, кај кружниот тек
- **Битола,** 17 мај, 2013 (петок), 14:30 часот, х. „Епинал“, Сала 1

Сите простории се достапни за лица со посебни потреби.

Проектот на УСАИД за граѓанско општество го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија во соработка со четири граѓански организации: Младински образовен форум, Форум – Центар за стратегиски истражувања и документација, Центар за граѓански комуникации и Реактор – Истражување во акција.